# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

22 јануари 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 1



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦА ''518'' КАКО АЛТЕРНАТИВЕН КОРИДОР НА ДЕЛНИЦА НА БУЛЕВАР ''АСНОМ''**

1. **СЕ ЗАПИРА** од објавување во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица ''518'' како алтернативен коридор на делница на Булевар ''АСНОМ'', бр.09-84/3 од 15.01.2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 15.01.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Објавувањето на Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица ''518'' како алтернативен коридор на делница на Булевар ''АСНОМ'', бр.09-84/3 од 15.01.2018 година, во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', се запира поради следната причина:

Работниот материјал предложен за дополнување на дневниот ред за работа на Петтата седница на Советот на Општина Гази Баба е доставен на самиот ден на одржување на седницата - 15 јануари 2018 година и истото не е во согласност со член 39 став (4) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 59 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13). Согласно цитираните законски и деловнички одредби, работниот материјал треба да биде доставен до советниците најдоцна седум дена пред денот определен за одржување на седницата.

**Број 08-284/1**
**од 22.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ**

1. **СЕ ЗАПИРА** од објавување во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, бр.09-84/4 од 15.01.2018 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 15.01.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Објавувањето на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, бр.09-84/4 од 15.01.2018 година во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', се запира поради следната причина:

Работниот материјал предложен за дополнување на дневниот ред за работа на Петтата седница на Советот на Општина Гази Баба е доставен на самиот ден на одржување на седницата - 15 јануари 2018 година и истото не е во согласност со член 39 став (4) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 59 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13). Согласно цитираните законски и деловнички одредби, работниот материјал треба да биде доставен до советниците најдоцна седум дена пред денот определен за одржување на седницата.

**Број 08-284/2**
**од 22.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**РЕШЕНИЕ** за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица "518" како алтернативен коридор на делница на Булевар "АСНОМ" . . . . . 3

**РЕШЕНИЕ** за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух . . . . . 4



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/18**
**5 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ